# СЛУЖБА ЗА ПРОЦЕНКА ПРИ ПРИЕМ НА КЛИЕНТИ

## Служби во заедницата во Викторија за поддршка во врска со ментално здравје

Intake Assessment Service (Служба за проценка при прием на клиенти) ќе го подобри пристапот до информации и упатување за службите во заедницата за поддршка во врска со менталното здравје.

### Што прави службата Intake Assessment?

Новата Mental Health Community Support Service (MHCSS) Intake Assessment Service ќе им нуди информации и ќе ги упатува лицата кои бараат поддршка во врска со менталното здравје. Службата:

- Ќе го проверува и утврдува правото на добивање на поддршка
- Ќе го приоритизира упатувањето
- Ќе ги упатува лицата кои исполнуваат услови во служби за поддршка каде ќе може да им се направи детална проценка
- Ќе им доставува податоци од проверката на службите за поддршка, и тоа со согласност од лицето – за лицата да не мора повторно да ги даваат нивните податоци
- Ќе дава дополнителни упати за да се осигура дека лицата ги добиваат потребните услуги
- Ќе доставува информации за самостојно контролирање и дополнително ќе ги контактира лицата кои се заведени во регистерот за потреби
- Ќе нуди општи информации во врска со менталното здравје и ќе го олеснува добивањето на упати до други служби кога тоа ќе биде потребно
- Ќе организира Regional Bed-Based Selection Panel (Регионална комисија за избор на услуги за лица кои престојуваат во установи) за Youth/Adult residential and Supported Accommodation Services (Служби за престој и сместување каде се добива поддршка за млади/возрасни лица)
- Ќе обезбедува лични податоци да им се даваат на службите за поддршка само со согласност од клиентот

### Како можам да ја контактирам службата Intake Assessment во моето подрачје?

За South West, North East, Inner North, Bayside и Frankston-Mornington Peninsula, телефонирајте во Neami National на

**1300 379 462** (9 ч. наутро – 5 ч. попладне, понеделник до петок)

За North, Inner East, East и South East, телефонирајте во службата EACH social and community health на

**1300 785 358** (9 ч. наутро – 5 ч. попладне, понеделник до петок)

За Gippsland, Goulburn Valley, Grampians, Great South Coast, Hume и Loddon Mallee, телефонирајте во ACSO на

**1300 022 760** (9 ч. наутро – 5 ч. попладне, понеделник до петок)

Погледнете ја картата на следната страница на која се прикажани подрачјата кои ги опслужуваат Neami National, EACH и ACSO.

### Повеќе информации

www.health.vic.gov.au/mentalhealth/pdrss-reform

Australian Community Support Organisation (ACSO) (Австралиска организација за поддршка во заедницата – ACSO) работи 30 години во партнерство со здравствените и општествените служби на создавање на побезбедни заедници во чиј живот ќе можат да се вклучат повеќе лица и кои ќе можат да ги задоволуваат потребите на сложени и обеспravени групи. Нашата филозофија, 'создади уште една можност' и начинот на кој ја применуваме, ги претставува нашите вредности.

**www.acso.org.au**

EACH раководи со над 100 различни служби од повеќе од 30 места во Викторија, Нов Јужен Велс и Квинсленд. Моделот на услуги на EACH се заснова врз понудата на интегрирани, сеопфатни услуги кои се сосредоточуваат на целата личност во склоп на неговото/нејзиното семејство и заедница.

**www.each.com.au**

Neami National е служба за ментално здравство во заедницата која им нуди поддршка на лицата врз основа на нивните вредности, предности и цели. Ги подобруваме менталното здравје и добросостојба во локалните заедници повеќе од 27 години.

**www.neaminational.org.au**

Ова не е служба за кризни ситуации. **При итен случај, телефонирајте на 000** (за амбулантно возило, полиција, противпожарна служба) или на 13 11 14 (Lifeline Crisis Hotline).

# INTAKE ASSESSMENT SERVICE FOR MENTAL HEALTH COMMUNITY SUPPORT SERVICES

